# - ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КУМАНОВО -

Датум: 29.11.2024 год.
Архивски бр. 3843

ДО :

ПРЕДМЕТ :Одговор на барањето од службеното лице за подготовка на информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Врз основа на Вашето барање на информација, согласно член 8 став 3 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.101/2019), и процедурата за постапување по прием на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ви доставуваме информацијата по Барањето доставено до ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово од

**Забелешка: ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово Ви доставува одговор на барање поденено по е- mail а Ве известува дека Вашето барање е адресирана за ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа ШУТО ОРИЗАРИ.**

Во Прилог :
Решение со одговор на Ваше барање

Одговорна служба / лице

Вилдане С. Мемеди


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 438 160
www.jumcsrkumanovo.com.mk

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавна установа меѓуопштински
центар за социјална работа
Institucioni publik qendrandërkomunale
për punë sociale e qytetit
Бр.-Nr. 1301-3843
29-11 20 24 год.-vit/e.



# - ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КУМАНОВО -

Врз основа на член 20 став 1, од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.101/2019), постапувајќи по Барањето инфорација од јавен карактер од барателот [redacted]" поднесено на ден 28.11.2024 год., имателот на информацијата ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово го донесе следното :

## РЕШЕНИЕ

Барањето од [redacted]" по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер : 1. Број на случаи на насилство врз жени пријавени во ЦСР за изминативе 3 години (разделено по години).

2. Број на случаи на насилство врз жени и девојки од ромската етничка заедница од вкупниот број пријавени случаи на насилство во изминативе 3 години (разделено по години).

3. Да ни доставите евиденција на пријавените случаи на насилство врз жени и девојки од ромската етничка заедница, расчленети по состојба на попреченост, пол, возраст, регионална застапеност, етничка и верска припадност, како и сексуална ориентација (доколку има таква евиденција).

4. Да ни доставите евиденција за формите на насилство врз жени и девојки од ромска етничка заедница во изминативе 3 години.

5. Број од сторители од вкупниот број сторители на насилство врз жени и девојки, расчленети по состојба на попреченост, пол, возраст, регионална застапеност, етничка и верска припадност, семејна/партнерска/непартнерска релација со жртвата (доколку има таква евиденција).

6. Дали Центарот е пристапен и кој е опсегот на пристапноста, како од аспект на физичката, така и од аспект на пристапноста на информациите, комуникациите вклучувајќи ги и печатените материјали на ромски јазик?

7. Дали Центарот располага со специјализирани програми или услуги за поддршка на жени со попреченост и жени Ромки кои се жртви на насилство?

Ако да, каков е нивниот опсег и како се дизајнирани да ги адресираат специфичните потреби на овие групи? 8. Дали Центарот има превземено мерки за едукација и обука на стручниот кадар за препознавање, пристап и поддршка на жени жртви на насилство од ромската етничка заедница и со попреченост ? Ако да, какви мерки се превземени?

9. Дали Центарот соработува со невладини организации или ромски заедници за превенција и заштита од насилство? Ако да, какви активности се спроведени и со какви резултати?

10. Дали има специјализирани услуги или програми за ресоцијализација и рехабилитација на сторители на насилство?

11. Колкав е бројот на случаи на насилство кои се проследени до судските органи, и колкав е процентот на пресуди во корист на жртвите, особено за случаи во кои се вклучени жени и девојки Ромки?

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето инфорација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово согласно член 24 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.101/2019),

Ви ја доставува информацијата:

1. Во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово вкупен број на случаи на насилство врз жени пријавени во ЦСР за изминативе 3 години и тоа:

Во 2021 година вкупен број 52 пријавени случаи,
Во 2022 год. – 52 пријавени случаи,
Во 2023 год. – 98 пријавени случаи.

2. Во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово вкупен број на случаи на насилство врз жени и девојки од ромската етничка заедница од вкупниот број пријавени случаи на насилство во изминативе 3 години и тоа:


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 438 160
www.jumcsrkumanovo.com.mk

# - ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КУМАНОВО -

Во 2021 година вкупен број 4 пријавени случаи на ромска етничка заедница,
Во 2022 год. – 2 пријавени случаи на ромска етничка заедница
Во 2023 год. – 10 пријавени случаи на ромска етничка заедница.

3. Во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово **не** се води етничка евиденција за случаи на насилство врз жени и девојки од ромската етничка заедница, расчленети по состојба на попреченост, пол, возраст, регионална застапеност, етничка и верска припадност, како и сексуална ориентација.
4. Во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово **не се води** етничка евиденција за формите на насилство врз жени и девојки од ромска етничка заедница во изминативе 3 години туку (**се води евиденција за сите жени жртви**).
5. Во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово **не се води етничка** евиденција за број од сторители на насилство врз жени и девојки, расчленети по состојба на попреченост, пол, возраст, регионална застапеност, етничка и верска припадност, семејна/партнерска/непартнерска релација со жртвата.
6. Центарот е пристапен за сите, согласно законските прописи.
7. Центарот не располага со специјализирани програми или услуги за поддршка на жени со попреченост и жени Ромки кои се жртви на насилство.
8. Центарот не презема мерки за едукацијата туку Завод за социјални дејности спроведува обука на стручниот кадар.
9. Центарот не соработува со невладини организации или ромски заедници за превенција и заштита од насилство.
10. Да, советување на сторителот на семејно насилство.
11. Во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово вкупен број на случаи кои се проследени до судските органи и тоа:
    Во 2021 година вкупен број 22 случаи проследени до суд (усвојени)
    Во 2022 год. – 24 случаи проследени до суд (усвојени)
    Во 2023 год. – 31 случаи проследени до суд (усвојени), не е водене етничка евиденција.

ПРАВНА ПОУКА : Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово на ден 29.11.2024 год. под архивски број

По овластување на Директор
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер

Вилдане С. Мемеди - Правник


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул. „Тодор Велков" бр. 4 - Куманово
Република Северна Македонија
+389 31 438 160
www.jumcsrkumanovo.com.mk